РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1437/4
1 -06- 2019

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на осумнаесеттата седница одржана на ден 03 јуни 2019 година донесе

**О д л у к а**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-1437/1 од 13.03.2019 година, бидејќи за пополнувањето на работното место "технички секретар„ на градоначалник на Општина Неготино, постапка за вработување е спроведена согласно Законот за административни службеници преку Агенцијата за администрација и не се констатирани неправилности и прекршувања на законот, така што во овој дел Државната комисија, нема веќе елементи за понатамошно постапување. Во делот на привремените вработувања е постапено спротивно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборен законик, односно настанал престанок на вработување и ново вработување за време на изборна кампања. За оваа повреда од Изборниот законик да се покрене прекршочна постапка против Градоначалникот на Општина Неготино во Одделението за спречување на корупцијата согласно член 179, став 1 од Изборниот законик.

Предметот со број 09-1437/1 од 13.03.2019 година, да се затвори и да се архивира.

О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на член 17 став 1 точка 3 а во согласност со член 22 став 1 и член 76 став 2 алинеја 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси по анонимна пријава, на шестата седница одржана на 20.03.2019 година, Државната комисија отвори постапка за утврдување на наводи за неправилности и судир на интереси при вработување.

Во пријавениот случај доставен до Државната комисија се наведува дека во Градоначалникот на општина Неготино за своја техничка секретарка ја вработил сопругата на својот прв братучед иако на огласот имало пријавени и други кандидати.

Државната комисија достави барања за информации од наведената општина за следната документација:

- Годишен план за вработувања за 2018 и за 2019 година, Правилник за систематизација на работните места во општинската администрација со сите евентуални изменувања и дополнувања, Целокупната документација за

спроведување на оглас за пополнување на работното место "технички секретар на градоначалникот" и Комплет документација за времени вработувања од 01.01.2019 година во општинската администрација.

Од доставената документација се констатира дека:

- Правилникот за систематизација на работните места е донесен на 29.02.2016 година и претрпел четири измени и дополнување кои не се однесуваат на работното место "технички секретар на градоначалникот",

- Годишните планови за вработување за 2018 и 2019 година се донесени на време, по редовна постапка и добиле согласност од МИОА и работното место "технички секретар на градоначалникот", е предвидено во Годишниот план за 2018 година,

- Јавниот оглас за потребите на општината за пополнување на работното место "технички секретар на градоначалникот" е објавено на 16.08.2018 година од страна на Агенцијата за администрација,

- На огласот се пријавени 3 кандидати од кои еден уреден и двајца неуредни ( кандидатите не ги доставиле сите побарани документи),

- На конечната ранг листа од сите фази на селекција останал еден кандидат кои бил предложен за избор и кој е избран за вработување на тоа работно место и се стекнал со статус на државен службеник.

Од доставената документација за времени вработувања од 01.01.2019 година во општинската администрација се констатира дека:

- Од 01.01.2019 до 31.03.2019 година преку агенција за привремени вработувања се ангажирани 13 лица,
- Од 01.04.2019 до 30.06.2019 година преку иста агенција се ангажирани 15 лица. На веќе ангажираните им е продолжен договорот и плус двајца ново ангажирани.

Од погоре наведеното е утврдено дека:

Во врска со пополнувањето на работното место "технички секретар на директорот"постапка за вработување е спроведена согласно Законот за административни службеници преку Агенцијата за администрација и не се констатирани неправилности и прекрѓувања на законот, така што во овој дел Државната комисија нема веќе елементи за понатамошно постапување.

Во делот на привремените вработувања е постапено спротивно член 8-а став 1 алинеја 3 од Изборен законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/2006; 136/2008; 148/2008; 155/2008; 163/2008; 44/2011; 51/2011; 142/2012; 31/2013; 34/2013; 14/2014; 30/2014; 196/2015; 35/2016; 97/2016; 99/2016; 136/2016; 142/2016; 67/2017; 125/2017; 35/2018; 99/2018; 140/2018; 208/2018 и 27/2019) каде се вели: (1) Од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори до завршување на изборот на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија и изборот на Владата на Република Македонија согласно со резултатите од изборите, како и од денот на донесувањето на одлуката за распишување на избори па до

завршување на изборите за избор на градоначалник или членови на советот, односно до конституирањето на советот на општините и градот Скопје не може:

- да се започне постапка за вработување на нови лица или постапка за престанок на работен однос во државни и јавни институции, а започнатите постапки се ставаат во мирување, освен во случаи на итни и неодложни работи.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**